


# „Една декада квалитет и прогрес во образовниот процес“

и истакнати личности од општеството, меѓу кои голем број амбасадори, државни функционери, странски делегати и сл. Еве токму пред некој ден, на часот за лидерство беше гостин проф. д-р Сашо Кедев, кој покрај тоа што е еден од најпознатите кардиохирурзи во Македонија, исто така е едно од ретките лица во Македонија, кој има освоено 7 планински врвови на 7 различни континенти. Тој учествуваше на часот на кој беше спроведена Харвард бизнис-симулацијата за лидерски вештини „Искачување на Монт Еверест“.

Исто така, за квалитетот на нашата програма говори и вработливоста на нашите дипломци и магистранти, така што со драго срце можам да споделам дека повеќе од 90% од студентите што дипломирале на нашите факултети се вработени по дипломирањето. Ова е потпомогнато од нашата силна врска со заедницата преку нашиот Деловен совет. Преку Деловниот совет на Американ колеџ, студентите имаат можност да извршуваат практика во компании од бизнис-секторот во Македонија во областа на правото, банкарството, архитектурата и сл., што може да доведе и до нивно идно вработување во една од овие компании.

**Дали има некои новини во студиите на Американ колеџ во новата академска година?**

Образованието и надградувањето на знаењето се процеси што се во континуирано движење. Со тоа, секако дека има многу новини на УАКС. Следејќи ги потребите во продолжат со своите студии или, пак, да поминат еден семестар на нивниот факултет. Како најистакната соработка досега ни е заедничката МБА-програма со Факултетот за менаџмент во Мастрихт, која ние како партнер ја изведуваме во Скопје, додека студентите се стекнуваат со диплома од оваа реномирана институција. Технологијата го менува начинот на кој се спроведува образованието, па следејќи ги најновите трендови, имаме склучено договор за соработка во полето на МБА-програмата со Меѓународниот колеџ во Талахаси, чијашто програма може да се следи целосно онлајн.

Секако, со потпишувањето на Меморандумот за соработка со Европската комисија за програмата за студентска мобилност, Еразмус +, на студентите им се отвораат многу можности за студии во Европа во времетраење од 3 до 12 месеци. Тие имаат можност да поминат еден семестар или академска година на некој од универзитетите со кои имаме склучено соработка и по завршувањето на студиите, да добијат диплома на која ќе биде наведено дека биле Еразмус-студенти. Бенефитот за студентите се состои во тоа што тие стекнуваат ново искуство, се запознаваат со начинот на студирање во некоја од европските земји, стекнуваат нови пријатели, се здобиваат со нови знаења и вештини, како и со диплома што е од огромно значење за зголемување на нивната компетитивност на пазарот на трудот и обезбедување работно место во иднина. Најважно е тоа што преку одењето на размена во некоја од

**Почитуван господине Бојаџиев, оваа година УАКС го слави својот 10-годишен јубилеј. Кажете ни, што сè е дел од вашиот 10-годишен пат низ образованието?**

Навистина ми е драго што Универзитет Американ колеџ Скопје од своите почетоци како високообразовна институција во Македонија прерасна во еден препознатлив бренд во полето на едукацијата. Дури и по 10 години, ние не само што го задржавме квалитетот на наставата и кадарот што го квалификуваме на нашите факултети, туку и останавме единствен универзитет во Македонија, кој има меѓународна акредитација и е конкурентен на глобалниот пазар. Домашната акредитација како и акредитацијата од страна на АЦБСП во САД (Accreditation Council for Business Schools and Programs) и YOK (YükseköДretim Kurulu) во Турција го прават Универзитет Американ колеџ Скопје единствениот меѓународно акредитиран универзитет источно од Виена. Акредитацијата од овој ранг говори за квалитетот на образовниот процес и таа не се стекнува преку ноќ. Во текот на изминативе 10 години, ние напорно работевме за да ја добиеме и потоа и за да ја задржиме оваа престижна акредитација. Во таа насока, примената на најсовремените методи на учење, и самиот начин на изведување на наставата преку решавање проблеми на случаи, им помага на студентите да го развиваат начинот на размислување во насока на решавање проблеми на компаниите во реалниот сектор.

**Што е она што ги издвојува програмите на УАКС од другите образовни програми?**

Секако дека во овој случај би го потенцирал начинот на предавање. Преку партиципативната метода на учење, нашите студенти градат нови вештини преку групна интеракција во решавање случаи, симулации, практични примери и тимски вежби и притоа градат доживотни професионални шанси, трајни врски и споделуваат заедничко разбирање и посветеност. Целта е да се воспостави и да се развива врската помеѓу Универзитетот и реалниот бизнис-сектор во Македонија. Поради тоа во наставата се вклучени многубројни гости-предавачи, кои се реномирани професионалци од познати компании ширум Македонија, како штеството за квалификувани кадри од определени професии, за првпат годинава УАКС започнува нова наставна програма за прв циклус студии по Психологија при Факултетот за политички науки. Од наредната година, пак, Факултетот за деловна економија и организациски науки Бизнис, ќе започне две нови програми, и тоа програма за Ревизија, во соработка со една од најпрестижните ревизорски мрежи во светот, и програма за Односи со јавноста. Покрај ова, се надеваме дека од наредната година ќе понудиме и докторски студии на еден од нашите факултети.



Во текот на последните неколку години ја продлабочивме меѓународната соработка, при што студентите имаат можност да изберат универзитет во Европа или во САД, на кој можат да про-28-те земји во Европа, тие имаат можност да прераснат во подобра личност и да се подготват за животните предизвици.

**Имајќи ги предвид досегашните успеси, каде го гледате Универзитет Американ колеџ Скопје во наредните 10 години?**

Навистина е тешко да се предвидува, но секогаш е добро да се има јасна визија и мисија. Тоа е една од работите што ги учам моите студенти. Без оглед на околностите што ги задава надворешното опкружување на компанијата, јасната визија, добро формулираната мисија и најмногу од сè посветеноста и љубовта кон она што го работите, може да ве одведат многу далеку. Се надевам дека ќе можеме не една, туку уште многу повеќе декади да ги посветиме на едукацијата на млади луѓе. Нашата главна мисија е не само да му овозможиме квалитетно образование секому, туку и со самото образование да го направиме подобар човек, кој во иднина ќе гради подобро општество.





